# МАТЕМАТИЧКИ АКТИВНОСТИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА

*Николина Ѓорчевска*
*ОУ„Александар Урдаревски“, Сандево, Скопје*
e-mail: ninanin9@hotmail.com

Играта е детска потреба и со тоа најлесен начин на учениците да им се приближи наставниот материјал и да се прилагоди за нивните интелектуални способности, но исто така и плодна почва за развивање на соработка кај ученици од различни етнички заедници.

Ќе разгледаме неколку примери на математички активности и вежби како дел од наставната програма, што се реализираат на посебни средби со ученици  од основно училиште кои наставата ја следат на македонски и албански јазик. Учениците се поделени во групи според еднаква бројна, полово и етничка застапеност.

Активностите се осмислени такашто се развива соработката меѓу учениците со користење на интерактивни методи и специјално дизајнирани задачи во коишто доминира учењето преку игра, но не е запоставена и математичката аналитичност при реализирање на истите за да се постигне поголем степен на успешност.